Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ДАНОКОТ
# НЕ Е ИГРА НА СРЕЌА!



Инфо центар 0800 33 000
е-Пошта info@ujp.gov.mk
www.ujp.gov.mk

Обврзник на персонален данок на доход за добивките од игри на среќа е секој граѓанин кој остварил добивка од игри на среќа, без разлика дали добивката е во форма на паричен износ или како предмет (ТВ, таблет, патување и сл.).
Граѓанинот кој учествува во игри на среќа треба да биде навреме запознаен со правилата на играта на среќа, како и за обврската за начинот на пресметка и уплата на персоналниот данок на доход.

## Посебни игри на среќа (казино, автомат клуб или обложувалница)

За остварена добивка од посебните игри на среќа (казино, автомат клуб или обложувалница) граѓанинот нема обврска да поднесе Годишна даночна пријава, од причина што исплатувачот на добивката истото го пријавува во УЈП со доставување на месечен извештај за исплатени приходи - добивки од игри на среќа и за пресметаниот и платен данок по одбивка.

## Општи игри на среќа (лото, бинго, квизови, наградна игра...)

Граѓанинот кој остварил еднократна добивка (парична или во предмети) во износ поголем од 5.000 денари има обврска истата да ја пријави во УЈП, со поднесување на Годишната даночна пријава (образец “ПДД-ГДП“).
Ако добивката од игри на среќа се состои од предмет, основа на данокот претставува пазарната вредност на предметот во моментот на остварувањето на добивката.

**Пример**: Ако граѓанинот преку учество во наградна игра освои паричен износ од 6.000 денари или освои награда (таблет), приредувачот на наградната игра има обврска да го пресмета и задржи персоналниот данок на доход.
Пресметката за плаќање на данокот е следна:

| **Добивка во форма на паричен износ** | **Добивка во форма на предмет** |
|---|---|
| Бруто добивка = 6.000 денари | Пазарна вредност на таблет = 7.000 денари |
| Персонален данок (10%) = 600 денари | Персонален данок (11,1111%) = 777 денари |
| Добивка за исплата = 5.400 денари | Добивка = таблет |

Годишната даночна пријава (образец “ПДД-ГДП“) може да се преземе преку веб страницата на УЈП и истата се поднесува најдоцна до 15-ти март 2015 година до даночните канцеларии (според место на живеење) или преку е-Даноци http://etax.ujp.gov.mk
Непријавувањето на приходите и ненавременото поднесување на даночна пријава е казниво.

## ПРИЈАВИ ЗЛОУПОТРЕБА!

Доколку приредувачот на општите игри на среќа не ви издаде потврда за исплатената добивка и пресметаниот данок или доколку имате сознание дека некој намерно го злоупотребува вашето право на добивка, ве молиме истото веднаш да го пријавите во Управата за јавни приходи преку бесплатниот телефонски број 198 или со поднесување на е-формулар http://www.ujp.gov.mk/mk/kontakt/centar